Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. 01-157/1
25-01-2022
______________ 2022 год

**СКОПЈЕ**

Врз основа на член 40 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија (Службен весник на РСМ бр. 102 од 22 мај 2019 година ) и член 89 од Законот за заштита на лични податоци (Службен весник на РСМ бр.42 од 16.02.2020 година)а в.в. со Правилникот за содржината и формата на актот за начинот на вршење на видео надзор (Службен весник на РСМ бр. 122 од 12 мај 2020 година, Судскиот совет на Република Северна Македонија донесе

**АКТ ЗА ВИДЕО НАДЗОР НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

## I . ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Системот за дигитален видео надзор е опремен со 8 интелигентни камери во боја, прикажани во графичкиот прилог(2 надворешни- една пред главниот влез и една пред задниот службен влез и 6 внатрешни – 4 на приземјето и 2 на катот- пред влезната врата во ходникот), DVR уред за дигитално снимање, снимање на хард диск и преглед на PC.

Каблирањето се предвидува со кабли FTP4 cat 7 кои завршуваат во Switch поставен во RACK ормар.Изведена е комуникациска линија за пренос на видео сигналот до професионален монитор во боја 32. Мониторот за видео надзорот е поставен во административната просторија.

Член 2

По однос на позицијата на видео надзорот 1/3 CMOS 2 mega pixels IP мрежна колор камера со објектив со мануелно избирливо променливо фокусно растојание од 2.7-9.0 мм, 18 IR диоди за осветлување до 12 м., механички ИЦ филтер, избирливи 8 вида резолуции од кои при максималната =1600 x 1200 pixels праќа 15 слики во секунда, приклучоци за екстерен активен микрофон и звучник за двонасочна аудио комуникација, алармен влез и излез, детекција на движење во 3 полиња избрани од корисникот, пред и поалармно снимаање, софтверско нагодување на сликата

(Brightness,Contrast, Exposure, Sharpness, AGC, Night Mode)тригерувани акции (Mail,FTP,Alarm), можност за вградување на SDмемориска картичка за опционо снимање на истата при претходно дефинирани услови и други софистицирани можности со 3 оски на ротација, сместена во пластично заштитно кукиште за внатрешна монтажа на таван или зид , напојување преку мрежен адаптер 220 VAC/12 VDC кој е составен дел на комплетот.

Член 3

По однос на позицијата на видео надзорот има 1/3 CMOS мрежна колор камера со објектив со варифокално фокусно растојание од f3,6-16 мм, со IC диоди за осветлување до 20 м, механички IR филтер, два избирливи типа на компресија H.264/MJPEG/MPEG-4, 8 вида резолуции од кои при максималната 1600 x 1200 pixels праќа 15 слики во секунда, детекција на движење во 3 полињаизбрани од корисникот пред и по – алармно снимање, софтверско нагодување на сликата ((Brightness,Contrast, Exposure, Sharpness, AGC, Night Mode)тригерувани акции (Mail,FTP,Alarm), и други софистицирани можности, напојување преку мрежен адаптер 220 VAC/12 VDC кој е составен дел на комплетот во метално цилиндрично кукиште со држач за надворешна монтажа, OG шуко утичница за поврзување на камерите со напојувањето.

Член 4

По однос на позицијата на видео надзорот има алармна централа со микропроцесорска контрола на 48 (8+8 на плочата) потполно програмабилни зони деливи во четири партиции, која се управува со помош на до 96 (4-6 цифрени) шифри со вграден дигитален комуникатор за дојава на мониторинг центар.

**II. ЦЕЛИ**

Член 5

Целта за обработка на личните податоци е законска и се спроведува преку вршењето на видео надзор заради

- заштита на животот или здравјето на луѓето
- заштита на сопственоста
- заштита на живот и здравјето на вработените
- обезбедување на контрола над влегувањето и излегувањето од службените или деловните простории само за безбедносни цели , во смисла на чл. 90 ст. 1 од Законот за заштита на личните податоци.

**III.Технички и организациски мерки за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци преку системот за видео надзор**

Член 6

За пристапот и увидот до личните податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор се води евиденција која особено ги содржи следните податоци:

-име и презиме на овластеното лице

-датум и време на пристапување
- цел на пристапување
- датум и час на направената снимка кон која се пристапува
-вид на медиумот во кој е содржана снимката од видеонадзорот.

## IV . Овластени лица

Член 7

Пристап и увид до личните податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор имаат само овластени лица.Овластените лица за обработка на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор пред нивното отпочнување со работа своерачно потпишуваат Изјава за безбедност на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор која претставува составен дел на овој акт.

## V. Рок на чување на снимките од видеонадзорот

Член 8

Снимките направени при вршењето на видеонадзорот се чуваат до исполнување на целите за кои се врши, но не подолго од 30 дена при што истите по истекот на рокот автоматски се бришат од медиумот на кој се чуваат.

## VI. Известување за вршење на виде надзор

Член 9

Судскиот совет на РСМ ќе истакне на видливо и јасно место известување дека се врши видеонадзор, кое е составен дел на овој акт.

Составен дел на овој акт е и графичкиот приказ на начинот на поставеност на камерите.

## VII. Начин на остварување на правата на субјектот на лични податоци

Член 10

За начинот на остварување на правата на субјектите на лични податоци согласно чл. 16 до 26 од Законот за заштита на лични податоци Советот донесува Изјава за приватност која е составен дел на овој акт.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател ,**
**Павлина Црвенковска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Скопје Shkup KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT